ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# Годишен наративен извештај

за работата на Институтот за развој на електронски комуникации

Март, 2021 година

ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# СОДРЖИНА


**ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ЗА НАС ..... 3**

**ВИЗИЈА, МИСИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ ..... 4**

**ИНРЕКОМ НИЗ БРОЈКИ ..... 5**

**АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ..... 6**

Предизвици и придобивки во ерата на дигиталниот маркетинг и е-трговијата ..... 6

Што се промени во понудата кај мобилните оператори за една година, а кои се очекувањата на корисниците? ..... 6

Електронско банкарство: дигитална трансформација во Македонија ..... 6

Дали е македонскиот интернет имун на коронавирусот? ..... 6

Дали патот до реформите во МРТ е поплочен со нови канали? ..... 7

Избори 2020: Партиска визија за дигитална Македонија, чија понуда ќе победи? ..... 7

Што се криптовалути и која е крипто-кралицата Ружа Игњатова? ..... 7

**КОМЕНТАРИ ..... 8**

Недостатоци во предложените измени на Законот за медиумски услуги ..... 8

Донацијата на АВМУ и апел до АЕК и телекомуникациските оператори ..... 8

МИОА наложува операторите да воведат медиумски мрак во ек на пандемија ..... 8

(Зло)употреба на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби ..... 8

Операторите ги исклучија каналите, АВМУ во клинч со политичките притисоци ..... 9

Владини измени на уредбата за медиумски услуги - основа за преговори со операторите? ..... 9

Коментар на извештајот на ЕК за напредокот на Македонија, со осврт на делот за информатичкото општество, медиумите и слободата на говор и изразувањето ..... 9

**ПРОДУЦИРАЊЕ НА ВИДЕО СОДРЖИНА ..... 10**

Кратките видео клипови ..... 10

Видео анализата ..... 10

**ИНРЕКОМ ВО МЕДИУМИТЕ ..... 11**

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ..... 19**

# ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ ЗА НАС

Институтот за развој на електронски комуникации е невладино, непрофитно, непартиско и секуларно здружение на граѓани, основано во Август 2018 година.

Институтот е формиран од млади политиколози и новинари, кои имаат за цел да го развијат информатичкото општество во Македонија, а воедно и дигиталната демократија во него. Со тоа, цел на интерес на Институтот се медиумите, електронските комуникации и регулаторните тела од областа, следејќи го напредокот одблизу на исполнувањето на условите од Поглавјето 10 за членство во ЕУ.

Институтот врши анализи и истражувања, како и дава коментари за одредени текови поврзани со електронските комуникации и медиумите. ИНРЕКОМ освен преку секундарно собирање на податоци и нивна обработка и анализа, исто така спроведува анкетни истражувања преку телефонски и теренски анкети, како и фокус групи и длабински интервјуа.

# ВИЗИЈА, МИСИЈА, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Основна визија на ИНРЕКОМ е Македонија да биде држава со високо развиени електронски комуникации и независни медиуми и регулаторни тела.

Следствено на тоа, главна мисија на ИНРЕКОМ е да биде конструктивен играч преку давање коментари и предлози во текот на развојот на пазарите за електронски комуникации и медиумскиот плурализам. Воедно, креирањето на политики базирани на истражувања, споредби, анализи и консултации со засегнатите играчи, допринесува до визијата на Институтот.

За да ја исполниме мисијата за која е основан Институтот и да се реализира визијата за која постои, ИНРЕКОМ има долгорочни цели и тоа:

- развој на информатичкото општество со акцент на напредокот на електронските комуникации
- развој на медиумската независност со цел напредок на полето на слобода на говор
- развој на независни и објективни регулаторни тела од областа на медиумите и електронските комуникации
- развој на делиберативната демократија и учество на граѓаните и граѓанскиот сектор во носењето на клучните одлуки, како и градење на дигитална демократија
- поттикнување на медиумската, информациската и информатичката писменост

Од овие цели, произлегуваат и следните задачи што ги исполнува ИНРЕКОМ:

- Следење, истражување и анализа на пазарите на електронски комуникации и медиуми
- Следење на јавното мислење преку телефонски, теренски и интернет анкети, длабински интервјуа и фокус групи, за сопствени потреби, како и за потреби на други субјекти
- Следење и анализа на работата на регулаторните тела и компарирање на законодавството преку изработка на студии од најдобрите искуства од ЕУ се` со цел имплементирање во националното законодавство и реформа
- Поднесување на иницијативи за измени на законите и подзаконските акти и поттикнување на поголема вклученост на засегнатите страни и граѓаните во донесувањето на одлуки и решенија, преку организирање на конференции и семинари

# ИНРЕКОМ НИЗ БРОЈКИ во текот на 2020 година

Светот во текот на 2020 година се соочи со драматични промени во неговото функционирање поради пандемијата со корона вирусот. Тоа доведе до значителен раст на активностите на Институтот, а со тоа и зголемена посета на интернет страницата.

Посетата на интернет страницата на Институтот низ бројки е следната:







Нашите профили на социјалните мрежи исто така прикажаа раст и тоа: facebook фан страница достигна бројка од 841 следач[1], на twitter профилот имаме 74 следачи[2], како и на нашиот Instagram профил имаме 126 следачи[3].

---

[1] https://www.facebook.com/inrekom.org.mk/
[2] https://twitter.com/inrekom_org_mk
[3] https://www.instagram.com/inrekom.org.mk/

# АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА реализирани во текот на 2020 година

Во текот на 2020 година, ИНРЕКОМ објави 7 анализи за одредени истражувања од својата сфера на интерес. Истите беа поврзани со актуелни случувања, пред се` со пандемијата од Ковид19.

## Предизвици и придобивки во ерата на дигиталниот маркетинг и е-трговијата[4]

На почетокот на годината, во Јануари објавена е анализата за предизвиците и придобивките во ерата на дигиталниот маркетинг и е-трговијата. ИНРЕКОМ се осврна на тековните случувања во Македонија, како и фактот дека овие две сфери се преклопуваат во дадени моменти.

## Што се промени во понудата кај мобилните оператори за една година, а кои се очекувањата на корисниците?[5]

Во текот на месец Март, ИНРЕКОМ спроведе веб-анкета се` со цел истражување на јавното мислење на корисниците на мобилните оператори. Воедно во истото истражување, ИНРЕКОМ изврши анализа на понудите на мобилните оператори, со цел да се видат промените после година дена од првата анализа на понудите на операторите.

## Електронско банкарство: дигитална трансформација во Македонија[6]

Во месец Март, Институтот објави уште една анализа, во однос на електронското банкарство во Македонија. Целта на истражувањето беше да се види состојбата со електронското и мобилното банкарство кај 14те банки во Македонија, посебно во време кога започна пандемијата со корона вирусот. На крајот од анализата, Институтот даде препораки како да се подобри сликата за состојбата во банкарскиот сектор со дигитализацијата.

## Дали е македонскиот интернет имун на коронавирусот?[7]

Во текот на месец Април, ИНРЕКОМ истражуваше каква е состојбата со интернет конекциите во Македонија, за време на пандемијата кога сите беа дома, а целиот живот се префрли он-лајн. Регулаторот АЕК смируваше дека телекомуникациската инфраструктура може да го издржи

[4] https://inrekom.org.mk/predizvici-i-pridobivki-vo-erata-na-digitalniot-marketing-i-e-trgovijata/
[5] https://inrekom.org.mk/analiza-mobilna-telefonija-mart-2020/
[6] https://inrekom.org.mk/e-bankarstvo-vo-makedonija/
[7] https://inrekom.org.mk/koronavirusot-i-internetot-vo-mk/

притисокот на времето, додека пак операторите кои беа контактирани, не најдоа за сходно да одговорат на поставените прашања.

## Дали патот до реформите во МРТ е поплочен со нови канали?[8]

Во Мај месец, Институтот анализираше дали постои оправданост за отворањето на новите програмски сервиси, во исклучително неповолен финансиски период, особено кога јавниот сервис се соочува(ше) со лоши финансиски резултати, промашени политики и лош менаџмент. ИНРЕКОМ во анализата упати повеќе препораки кои би допринеле до развој на европски јавен радиодифузер.

## Избори 2020: Партиска визија за дигитална Македонија, чија понуда ќе победи?[9]

Во Јули, предизборно ИНРЕКОМ спроведе анализа на политичките програми на двете најголеми партии, како и истражување - веб анкета за ставовите и перцепциите на гласачите во однос на дигитализацијата на Македонија.

## Што се криптовалути и која е крипто-кралицата Ружа Игњатова?[10]

Во време кога актуелни се дигиталните парички - Крипто валутите, ИНРЕКОМ спроведе кратко истражување за тоа што се крипто средствата, како (не) се регулирани, каква е состојбата во Македонија и што може да се очекува. Истражувањето беше спроведено со видео продукција, која вклучуваше и интервју со универзитетски професор.

---

[8] https://inrekom.org.mk/mrt-novi-kanali/
[9] https://inrekom.org.mk/izbori-anketa-digitalna-mk/
[10] https://inrekom.org.mk/shto-se-kriptovaluti-i-koja-e-kripto-kralicata-ruzha-ignjatova/

# КОМЕНТАРИ објавени во текот на 2020 година

## Недостатоци во предложените измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[11]

Институтот во текот на месец Февруари објави коментар во однос на предложените Владини измени и дополнувања на Законот за медиумски услуги. Истите коментари беа во насока пратеничкиот состав во заминување, да не ги донесува измените што во пракса ќе беа тешки за реализација.

## Донацијата на АВМУ и апел до АЕК и телекомуникациските оператори[12]

Институтот објави позитивен коментар со кој ја поздрави одлуката на АВМУ да донира средства до МВР и МЗ, како и до самите медиуми и да ги ослободи од одредени давачки. ИНРЕКОМ исто така ја повика АЕК да понуди пакет поволности до самите оператори и радиодифузери кои беа исто така погодени економски од корона кризата. За крај во коментарот, ги повика и самите оператори предвремено да извршат плаќања во државната каса, се` со цел да се обезбеди ликвидност во кризната ситуација.

## МИОА наложува операторите да воведат медиумски мрак во ек на пандемија[13]

ИНРЕКОМ на крајот на Март објави коментар со кој остро ги осуди обидите на Министерството за информатичко општество да им наложи на операторите да ги исклучат своите канали, кои во ек на пандемија ги понудија бесплатно се` со цел да се остане дома за да не се шири заразата од корона вирусот. Дописот од МИОА до операторите, директно беше резултат од лошите законски измени што беа донесени неколку минути пред да се распушти Собранието, за нешто што Институтот отворено предупреди.

## (Зло)употреба на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби[14]

На крајот на месец Мај, ИНРЕКОМ ја коментираше владината уредба со законска сила во однос на финансиските поволности само за терестријалните телевизии, со прашање зошто другите телевизии и радијата се исклучени од финансиската инјекција што Владата ја вбризга.

---

[11] https://inrekom.org.mk/komentar-nedostatoci-vo-predlozhenite-izmeni-na-zakonot-za-audio-i-audiovizuelni-mediumski-uslugi/
[12] https://inrekom.org.mk/komentar-koronavirus-donacii/
[13] https://inrekom.org.mk/mioa-mediumski-mrak-pandemija/
[14] https://inrekom.org.mk/komentar-za-doneseni-uredbi/

Дополнително, владината уредба со законска сила во однос на пререгистрација на странските канали од страна на операторите исто така беше тема на коментарот.

## Операторите ги исклучија каналите, АВМУ во клинч со политичките притисоци[15]

Во Јуни, ИНРЕКОМ го прокоментира штрајкот на операторите, кои ги исклучија привремено сите ТВ канали и нивните корисници останаа без програма. Дополнително, во коментарот се спомна и преписката помеѓу една политичка партија и регулаторот АВМУ и даде препорака да се укине законската можност државата да плаќа за рекламирање на политичките партии.

## Владини измени на уредбата за медиумски услуги - основа за преговори со операторите?[16]

Институтот во Јуни ја поздрави одлуката на Уставниот суд за замрзнување на спорната владина Уредба и повторно повика на дијалог помеѓу завојуваните страни: петорката од национални телевизии и операторите.

## Коментар на извештајот на ЕК за напредокот на Македонија, со осврт на делот за информатичкото општество, медиумите и слободата на говор и изразувањето[17]

Институтот ги објави коментарите на Европската комисија од годишниот извештај на напредокот на Македонија кон членство во Европската Унија, кои се однесуваат на Поглавјето 10 и делови за слободата на говорот и изразувањето, тесно поврзани со медиумите. Уште еднаш Институтот потсети дека коментарите на ЕК се на иста линија со коментарите на ИНРЕКОМ.

[15] https://inrekom.org.mk/komentar-operatori-kanali-avmu/
[16] https://inrekom.org.mk/komentar-ustaven-sud-odluka-vlada/
[17] https://inrekom.org.mk/komentar-za-izveshtaj-na-ek-2020/

# ПРОДУЦИРАЊЕ НА ВИДЕО СОДРЖИНА во текот на 2020 година

Во текот на 2020 година, ИНРЕКОМ објави 11 видео записи, од кои 10 беа кратки видео клипови по повод одредени настани што вклучуваа едукативен материјал, како и 1 видео анализа.

Кратките видео клипови беа креирани за следните настани:

- Меѓународен ден против цензура на интернет[18]
- Меѓународен ден за заштита на правата на потрошувачите[19]
- Едукативно видео за заштита од Ковид19 преку електронското банкарство и е-трговијата[20]
- Едукативно видео за Часот на планетата Земја[21]
- Првиот повик направен преку мобилен телефон[22]
- Меѓународен ден на Internet of things[23]
- Меѓународен ден за слободата на медиумите[24]
- Светски ден на телекомуникациите и информатичкото општество[25]
- Денот кога била прикажана првата ТВ реклама[26]
- Меѓународен ден за развојот на информатиката[27]

Видео анализата носеше работен наслов „One Coin: најголемата измама на 21 век"[28] и за истата беше опишано погоре.

---

[18] https://www.youtube.com/watch?v=gAZ_IHFRKQQ
[19] https://www.youtube.com/watch?v=7cRQwFGd8KU
[20] https://www.youtube.com/watch?v=mBGXiMIE6zM
[21] https://www.youtube.com/watch?v=oaQ2ucWX3qg&t=3s
[22] https://www.youtube.com/watch?v=SE40ZUYa1Pc&t=6s
[23] https://www.youtube.com/watch?v=onZvEDb2rM0
[24] https://www.youtube.com/watch?v=PuJB5hK39Dg
[25] https://www.youtube.com/watch?v=VgQcI935k1w
[26] https://www.youtube.com/watch?v=Oy-eS9DNfag
[27] https://www.youtube.com/watch?v=6Cuwjt7btbg&t=12s
[28] https://www.youtube.com/watch?v=0hQ3K37R3A4&t=1s

# ИНРЕКОМ ВО МЕДИУМИТЕ во текот на 2020 година

Институтот во текот на 2020 година го зголеми своето присуство во медиумскиот простор, пред се` со проактивната улога како коментатор на одредени текови за време на пандемијата.

ТВ Пакет

ИНЕРКОМ: Законот за медиумски услуги има спорни делови | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ истражува : Цена и понуда на мобилни оператори | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ го истражува дигиталното банкарство во Македонија | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ : За донацијата на АВМУ и апел до АЕК и операторите | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ со коментар за дописот од МИОА до кабловските оператори | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ : Дали е македонскиот интернет имун на корона вирусот? | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ ги анализира новите програмски канали на МРТВ | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ ги анализира донесените владини уредби за медиумите | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ со став за исклучувањето на каналите и притисоците кон АВМУ | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ: Дали владините измени се основа за преговори со операторите? | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ: Партиска визија за дигитална Македонија, чија понуда ќе победи? | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

ИНРЕКОМ со благодарница за успешната соработка со ТВ Пакет | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

Коментар на ИНРЕКОМ за извештајот на ЕК за медиумите во Македонија | ТВ Пакет (tvpaket.com.mk)

24 Инфо

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за АВМУ - 24 Инфо (24info.mk)

ИНЕРКОМ: „Војната" околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата - 24 Инфо (24info.mk)

ИНРЕКОМ: (Зло)Употребата на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби - 24 Инфо (24info.mk)

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение - 24 Инфо (24info.mk)

ИНРЕКОМ со коментар на извештајот од Европската комисија за напредокот на Македонија - 24 Инфо (24info.mk)

МИА – Македонска информативна агенција

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за медиуми – МИА (mia.mk)

Да се користи електронското банкарство, достапно во сите банки во земјава – МИА (mia.mk)

ИНЕРКОМ: „Војната“ околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата – МИА (mia.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ-каналите од операторите – МИА (mia.mk)

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение – МИА (mia.mk)

Денар

Предизвици и придобивки во ерата на дигиталниот маркетинг и е-трговијата | Денар (denar.mk)

Електронско банкарство: Дигитална трансформација во Македонија | Денар (denar.mk)

Локално

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за АВМУ - Локално (lokalno.mk)

Дали патот до реформите во МРТ и поплочен со нови канали? - Локално (lokalno.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите - Локално (lokalno.mk)

ИЗБОРИ 2020: Партиска визија за дигитална Македонија, чија понуда ќе победи? - Локално (lokalno.mk)

Утрински весник

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Закон за АВМУ – Утрински Весник (utrinskivesnik.mk)

Да се користи електронското банкарство, достапно во сите банки во земјава – Утрински Весник (utrinskivesnik.mk)

ИНЕРКОМ: „Војната" околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата – Утрински Весник (utrinskivesnik.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите – Утрински Весник (utrinskivesnik.mk)

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение – Утрински Весник (utrinskivesnik.mk)

Бизнис Вести

ИНРЕКОМ: Пратениците да го повлечат предлогот на Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - Бизнис Вести (biznisvesti.mk)

Колку и како се спроведува дигиталната трансформација во банкарскиот сектор во Македонија? - Бизнис Вести (biznisvesti.mk)

ДАЛИ Е МАКЕДОНСКИОТ ИНТЕРНЕТ ИМУН НА КОРОНАВИРУСОТ? - Бизнис Вести (biznisvesti.mk)

Опсервер

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за АВМУ » opserver.mk

ИНЕРКОМ: „Војната" околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата » opserver.mk

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите » opserver.mk

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение » opserver.mk

Слободен печат

ИНЕРКОМ: „Војната" околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата - Слободен печат (slobodenpecat.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за наоѓање компромис со кабелските оператори - Слободен печат (slobodenpecat.mk)

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение - Слободен печат (slobodenpecat.mk)

Макпрес

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за медиуми | MakPress

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение | MakPress

Нетпрес

ИНРЕКОМ: Пратениците да ги повлечат предложените измени на Законот за медиуми | NetPress

ИНРЕКОМ: Наметнувањето на одредени обврски, кои ги нема во пракса никаде во Европа е противуставно | NetPress

Инфомакс

ИНРЕКОМ: МИОА наложува операторите да воведат медиумски мрак во ек на пандемија | iNFOMAX.mk

ИНРЕКОМ: (Зло)Употребата на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби | iNFOMAX.mk

А1он

ИНРЕКОМ: „Војната“ околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата (a1on.mk)

ИНРЕКОМ: (Зло)Употреба на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби (a1on.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите (a1on.mk)

Мкд.мк

ИНРЕКОМ: Министерот Манчевски се обидува да воведе медиумски мрак | МКД.мк (mkd.mk)

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите | МКД.мк (mkd.mk)

Вечер прес

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите | Вечер ...1963 | Vecer MK

Граѓаните може да бараат отштета за црните ТВ-екрани | Вечер ...1963 | Vecer MK

ИНЕРКОМ: Добра појдовна отстапка е владината одлука за операторите, но да се најде системско решение  | Вечер ...1963 | Vecer MK

Медиа деили

INREKOM-a analiza reformi MRT-a | Media Daily

Република

Манчевски пак бара од операторите да ги исклучат каналите - Република (republika.mk)

ИНРЕКОМ: Наметнувањето на одредени обврски, кои ги нема во пракса никаде во Европа е противуставно - Република (republika.mk)

Идивиди

IDIVIDI: ИНЕРКОМ: „Војната“ околу авторските права да биде оставена по завршување на кризата

IDIVIDI: ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите

Денешен

ИНЕРКОМ: Манчевски сега нека води војна со Ковид-19, кога ќе заврши нека исклучува ТВ канали – Denesen.mk

Фронтлајн

Манчевски гледа повреда на законот, ИНЕРКОМ повика на дијалог, од ММА велат прекин на програмата на кабелските е кривично дело - frontline.mk

ИНЕРКОМ: Владината одлука за кабелските оператори е добра појдовна отстапка - frontline.mk

Плус инфо

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите – plusinfo.mk

Институт за развој на комуникациите: Владата да најде системско решение за проблемот со операторите – plusinfo.mk

Мета

Регионалните и локалните телевизии од денеска во штрајк – и тие бараат помош од владата | Meta.mk

МИОА ја одобри новата систематизација за дополнителни 460 работни места во МРТ | Meta.mk

Медиа обсерваториум

Регионалните и локалните телевизии од денеска во штрајк – и тие бараат помош од владата – Media Observatorium

МИОА ја одобри новата систематизација за дополнителни 460 работни места во МРТ – Media Observatorium

Сигнал

Анализа на мобилните услуги во Македонија од Институтот ИНРЕКОМ (signal.mk)

Емагазин

Истражување: Колку се подготвени банките да понудат електронски услуги? - еМагазин (emagazin.mk)

Сител ТВ

Да се користи електронското банкарство, достапно во сите банки во земјава | Сител Телевизија (sitel.com.mk)

Банкометар

Да се користи електронското банкарство, достапно во сите банки во земјава - БанкоМетар (bankometar.mk)

ПресингТВ

Манчевски пак бара медиумски мрак и исклучување на каналите - Pressing TV

Курир

ИНРЕКОМ: Манчевски наложува операторите да воведат медиумски мрак во ек на пандемија – Kurir.mk

Макфакс

ИНРЕКОМ: (Зло)употребата на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби (makfax.com.mk)

Весник

ИНРЕКОМ: (Зло)Употребата на вонредната состојба за донесување додворувачки владини уредби (vesnik.com)

Фактор

КОМЕНТАР: (ЗЛО)УПОТРЕБА НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДОДВОРУВАЧКИ ВЛАДИНИ УРЕДБИ (faktor.mk)

Охрид њус

Коментар: Операторите ги исклучија каналите, АВМУ во клинч со политички притисоци - OhridNews

Радио МОФ

„Самоволие и тешко кривично дело“ – реакции по вчерашниот прекин на ТВ програмите (radiomof.mk)

Ипортал

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите - IPortal

Македонски медиа сервис

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите - ММС (mms.mk)

Фокус

ИНЕРКОМ повика на дијалог за проблемот со исклучувањето на ТВ каналите од операторите – Фокус (fokus.mk)

ИНРЕКОМ беше споменат и во Шести периодичен извештај за работата на АВМУ и АЕК , објавен од страна на колегите од невладината Еуротинк.

**ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ**

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ за 2020 година

Институтот за развој на електронски комуникации, во текот на 2020 година не оствари финансиски приливи, со што нема законска обврска да објавува Биланси и други финансиски извештаи.



О Д Л У К А

Од Здружението Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје со ЕМБС 7292384

Ве известуваме дека согласно чл.18 од Законот за сметководство на непрофитните организации ( „Сл.Весник на РМ" бр.24/2003,17/11 и 154/15 ) вкупната вредност на имотот или годишниот приход за 2020 година не надминуваат износ од 2.500,00 евра во денарска противвредност, при што не сме обврзани да составуваме и доставуваме финансиски извештаи за 2020 година.

Централен Регистар на Република Северна Македонија-Скопје
Регионална Регистрациона канцеларија во Скопје број 33

ПРИМЕНО 05-01-2021 ПРИМЕНО

Тел.Број

076/557-335

ИНРЕКОМ Скопје

Претседател

Стојан Јевтић